AGORA

# УСЛОВИ ЗА РАБОТА

**Ангажирање на тројца експерти или експертски тим за подготовка и реализација на програма за јакнење на капацитетите на 20 граѓански организации за следење, застапување и јавен дијалог и обезбедување менторска поддршка во рамки на проектот „WOMENomics: Економско зајакнување и дигитална права за интеграција во ЕУ“**

## 1. За АГОРА – Центар за промовирање на граѓански вредности

Здружението на граѓани „АГОРА Центар за промовирање на граѓански вредности“ Скопје е доброволна, невладина, непартиска и непрофитна организација која работи на национално ниво во Македонија основана во 2001 година, со седиште во Скопје. Визијата на оваа организација е успешен демократски напредок на луѓето и заедниците. Целта на АГОРА е развој на демократското општество преку унапредување на локалните заедници и граѓанскиот сектор, преземајќи активности за зајакнување на родовата еднаквост, доброто управување и економскиот развој во Македонија и пошироко. Мисијата на здружението е јакнење на сите општествени чинители и промовирање процеси кои ќе доведат до развој на демократското општество. Здружението активно работи на:

- Промовирање на родовата еднаквост преку анализи, обуки, менторство, техничка поддршка, застапување и активности за воведување на принципот на родова еднаквост во сите сфери на општественото дејствување,
- Промовирање на партиципативни методи за донесување одлуки во општините и институции и организации на други нивоа на власт,
- Поддршка на локалниот економски развој и младинското претприемништво преку соработка со деловниот сектор и обуки, вмрежувања и техничка помош.

Активностите на АГОРА ги користат граѓаните, граѓанските организации, локалните и државните институции, бизнис секторот, активни млади лица и медиумите.

## 2. За проектот „WOMENomics: Економско зајакнување и дигитални права за интеграција во ЕУ “

WOMENomics е проект кој има за цел да го зајакне учеството на женските граѓански организации во Северна Македонија во процесот на интеграција во ЕУ преку подобрување на нивните капацитети за следење, застапување и комуникација со јавноста, вклучително водење дијалог со релевантните чинители, во насока на економско јакнење на жените и нивна дигитална инклузија. Истиот комбинира обуки, истражување, јавен дијалог и комуникациски активности со цел да придонесе кон поинклузивни и одговорни политики. Проектот е финансиран од Шведска преку проектот „Поддршка за европската интеграција на Северна Македонија“.

**Очекувани резултати:**

- Зајакнати капацитети на 16 женски граѓански организации и 20 жени активистки за истражување, следење политики, застапување и комуникација со јавноста.
- Развиени најмалку пет истражувачки и аналитички документи и две алатки за следење и застапување во областа на економското јакнење, дигиталната инклузија и родовите и економските реформи.
- Формирана неформална национална мрежа за економско јакнење и дигитална инклузија на жените.
- Зајакнат дијалог меѓу граѓанските организации, институциите и актерите за европски интеграции и зголемена јавна информираност за значењето на реформите поврзани со интеграцијата во ЕУ.

**Клучни активности:**

- Градење на капацитетите на 16 женски граѓански организации преку обуки и менторство за економска и дигитална инклузија, анализа на политики и застапување.
- Следење на политиките и генерирање докази преку истражување, собирање родово разделени податоци и подготовка на анализи, извештаи, документ за јавни политики и индекс.
- Организирање јавен дијалог и институционална соработка преку најмалку четири форуми, презентација на наодите и застапување на препораките пред релевантните институции и актерите за европски интеграции.
- Спроведување комуникациски активности и активности за подигнување на јавната свест преку дигитални кампањи, јавни настани, медиумски настапи и промоција на проектните резултати.

## 3. Општи информации за ангажманот

Во рамките на процесот на европска интеграција на Северна Македонија во ЕУ, унапредувањето на родовата еднаквост, економската инклузија и дигиталната трансформација претставуваат важни приоритети кои се тесно поврзани со исполнувањето на европските стандарди во областа на социјалната политика, вработувањето и фундаменталните права. Сепак, и покрај одредениот напредок, жените во државата и понатаму се соочуваат со значителни предизвици во економското учество и пристапот до можностите што ги нуди дигиталната економија.

Според податоците на Државниот завод за статистика за 2023 година, стапката на вработеност кај жените изнесува 37,9%, додека 57,2% од жените се економски неактивни. Во споредба со тоа, стапката на учество на мажите на пазарот на трудот е значително повисока, што резултира со родов јаз во вработеноста од 18 процентни поени. Дополнително, анализите укажуваат дека жените остануваат недоволно застапени во STEM-областите, технолошкиот сектор и дигиталните иновации, што ги ограничува нивните можности за учество во новите економски текови и на пазарот на трудот на иднината.

Проектот има за цел да изгради силна мрежа на граѓански организации од сите осум плански региони кои ќе можат активно да придонесуваат кон:

- следење на реформите поврзани со пристапувањето во ЕУ;

- анализирање на политики и следење на мерките кои влијаат врз економската положба на жените и дигиталната инклузија;
- подготовка на препораки засновани на докази;
- водење јавен дијалог со институции и други засегнати страни;
- застапување за политики кои придонесуваат кон родова еднаквост и економска и дигитална инклузија.

Избраните експерти ќе бидат одговорни за подготовка и реализација на програмата за обука, како и за обезбедување менторска поддршка за активистките/учесничките од граѓанските организации.

Програмата треба да опфати најмалку пет теми:

**Тема 1: ЕУ интеграција и родова еднаквост**
**Тема 2: Економско зајакнување на жените**
**Тема 3: Дигитални права и дигитална инклузија**
**Тема 4: Следење и анализа на податоци базирани на докази**
**Тема 5: Застапување и јавен дијалог**

Подтемите ќе бидат дополнително утврдени во соработка со проектниот тим.

Обуките е предвидено да се реализираат септември-октомври 2026 година и се наменети за претставници на женски граѓански организации коишто работат на прашања поврзани со родовата еднаквост, женското (економско) зајакнување и дигитална инклузија (по две од секој од осумте плански региони во Република Северна Македонија. По завршување на обуките предвидено е да се реализира менторството со цел поттикнување на лидерството и зајакнување на одржливоста и застапеноста на женските движења во граѓанското општество.

## 4. Очекувани резултати

Од избраниот експертски тим се очекува да обезбеди:

- развиена програма за обука/јакнење на капацитетите со материјали и алатки за обука;
- спроведени најмногу 3 работилници и обучени најмалку 20 претставници од целните организации;
- спроведено менторство за 20 жени активистки;
- подготвени прашалници за мерење на знаењето пред и по обуката:
- изработени најмалку 8 организациски акции/иницијативи поддржани преку менторството;
- придонес за развивање на структура за алатка за следење и оценување на родовите и економски реформи;
- финален извештај со резултати, препораки и научени лекции.

## 5. Временска рамка

Ангажманот опфаќа вкупно 18 работни дена или 6 дена за секој експерт и треба да се реализира во периодот септември 2026 година - март 2027 година.

Предвидената динамика опфаќа:

- подготовка на програмата и материјалите;
- реализација на циклус на обуки;
- спроведување на менторска програма;
- придонес за развивање на структура за алатка за следење и оценување на родовите и економски реформи
- подготовка на извештаи и препораки.

## 6. Услови за ангажирање на експертот/-ката

За реализација на ангажманот, потребно е експертите/тимот од експерти да да ги исполнуваат следните критериуми:

**Општи услови:**

- Завршено високо образование во областа на јавни политики, родови студии, економија, право, политички науки, социологија или друга релевантна област;
- Најмалку 5 години професионално искуство во области релевантни за ангажманот;
- Докажано искуство во работа со граѓански организации, особено организации што работат на родова еднаквост и социјална инклузија;
- Искуство во дизајн и спроведување програми за јакнење капацитети;
- Најмалку 3 реализирани обуки за возрасни учесници;
- Искуство во подготовка на анализи, предлог-политики или стратешки документи (минимум 3 релевантни документи);
- Одлични аналитички, комуникациски и фасилитаторски вештини;

**Специфични услови:**

- Учество во најмалку 3 проекти, анализи, истражувања или процеси на застапување и следење на јавни политики поврзани со родова еднаквост, економско зајакнување на жените, дигитална инклузија или социјална инклузија.
- Познавање на политиките и стратешките рамки на ЕУ поврзани со родова еднаквост, вработување и процесот на пристапување во ЕУ;
- Познавање на прашања поврзани со дигиталната инклузија од родова перспектива;
- Искуство во спроведување истражувања и работа со квантитативни и квалитативни податоци;
- Искуство во развој на индикатори, методологии или алатки за мониторинг и оценување на политики ќе се смета за предност.

## 7. Критериуми за евалуација на понудите

Доставените понуди ќе бидат оценувани врз основа на следните технички и финансиски критериуми:

| Критериум | Максимум поени |
|---|---|
| Релевантно професионално искуство (родова еднаквост, економско јакнење, дигитална инклузија, ЕУ интеграции) | 20 |
| Искуство во јакнење капацитети (спроведување обуки и менторство) | 20 |
| Искуство во подготовка на анализи, истражувања, предлог-политики или стратешки документи | 15 |
| Искуство во застапување и следење на политики | 15 |
| Финансиска понуда | 30 |
| **Вкупно** | **100** |

Во рамките на тимот, во понудите доставени како експертски тим, секој експерт ќе биде индивидуално оценуван.

## 8. Начин на пријавување

Начинот на пријавување е детално опишан во документот „Барање за прибирање на понуди“, кој е составен дел од тендерската документација.

Сите заинтересирани лица може да се пријават самостојно или како тим од тројца експерти при што неопходно е да ги исполнуваат сите услови наведени во точка 6.

Понудата треба да ги содржи следниве информации:

- Стручна биографија на експертите/-ките;

- Референтна листа на релевантни ангажмани;

- Примери од развиени документи за јавни политики, анализи, истражувања или стратешки документи;

- Примери од развиени едукативни програми и материјали за обука и менторство (доколку се јавно достпани);

- Финансиска понуда (документ во прилог, анекс 1);

- Потпишана изјава за ексклузивност и достапност (документ во прилог, анекс 2).

Понудата се доставува скенирана електронски на contact@agora.org.mk со назнака: „За повик Реф. Бр. 06-11/1“, најдоцна до 18.08.2026 година (вторник), до 17:00 часот.

*Овој документ е изработен со финансиска поддршка од Шведска преку проектот „Поддршка на европската интеграција на Северна Македонија“, кој го спроведува Канцеларијата на Обединетите нации за проектни услуги (УНОПС). Содржината на овој документ е единствена одговорност на Агора-Центар за промовирање на граѓански вредности и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува ставовите на Шведска и УНОПС.*